Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 17//0306
12.02 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09.01.2024 година, врз основа на примена жалба од **Фисник Саити** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„ВИДЕО: Курти ги поддржа српските студенти во протестите“,** објавен на онлајн медиумот „4Њуз.мк“ (4News.mk), на 13.12.2024 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот**,** Фисник Саити на 13.12.2024 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов „ВИДЕО: Курти ги поддржа српските студенти во протестите“**,** објавен на онлајн медиумот „4Њуз.мк“ (4News.mk), на 13.12.2024 г., при што се жали по повеќе основи како што се: неточно и нефер известување, говор на омраза, дискриминација, мешање на факти и мислења со коментар и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Саити во жалбата оценува  и дека станува збор за намерно информирање за Косово како привремена институција „поддржувајќи ја деструктивната политика од северниот сосед! “.

Во жалбата во прилог е доставена и целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата).

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот  стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## ОДЛУКА  НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „ВИДЕО: Курти ги поддржа српските студенти во протестите“**,** објавен на онлајн медиумот „4Њуз.мк“ (4News.mk), на 13.12.2024 година, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е и од регионален јавен интерес, односно прашање поврзано со ставот на премиерот на Косово во врска со студентските протести во Србија.

Комисијата прво констатираше дека текстот по својата форма е вест која освен во начинот на ословување на Косово, не е спорна од етички аспект.

Имено, медиумот во претставувањето на субјектот чија изјава се цитира во веста, употребил термин „Премиерот на привремените институции на Приштина“, што е спротивно со терминологијата што се употребува во информирањето на македонските медиуми, без оглед на кој јазик информираат.

Македонија и Косово се соседни земји и без оглед што Косово не е целосно меѓународно призната држава, Македонија го призна Косово како независна држава во 2008 година, а од октомври 2009 година, по потпишување на Договорот за физичка демаркација на границата меѓу Република Северна Македонија и Република Косово, се воспоставени и дипломатски односи.

Во однос на тврдењето на жалителот дека станува збор за намерно ширење на дискриминирачки или говор на омраза под влијание на центри на моќ во соседна држава, Комисијата не може да се впушти во толкување на вистинитоста на ова тврдење. Дел од членовите на Комисијата изразија мислење дека можеби станува збор за преземена вест од медиумите од соседна Србија, каде што именувањето на Косово како територија со привремени институции е терминологија употребувана и од српските власти и од мнозинството медиуми.

Комисијата сметаше дека несоодветната терминологија е всушност прекршување на вистинитоста и објективноста во информирањето, регулирано во членот 1 на Кодексот. Кон оваа констатација придонесе и фактот што во насловот е наведено дека во содржината има и видео, а текстот де факто содржи само фотографија. Од тука, Комисијата смета дека е прекршен Членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Жана Божиновска, Тамара Чаусидис, Зериета Јајага и Димитар Мицев.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595